**ЗАПИСНИК**
**од прво продолжение на 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 27.07.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ,м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (оправдано отсутен, годишен одмор).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, м-р Арбен Саити, Катерина Доневска, Александар Џуваревиќ, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски, го отвори продолжението на 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, информира дека на седницата ќе се разгледа една точка, односно Предлог-записник од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.07.2017 година, кој поради технички причини минатата седница беше одложен. Исто така најави дека членот на Советот г-дин Трајчев, нема да присуствува на седницата поради користење на годишен одмор (почнувајќи од денес до 13 август), а отсуството до него го најавил усмено и по електронска пошта.

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.07.2017 година.

Точка 1

Советот, го разгледа предложениот записник од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.07.2017 година.

Г-дин Петрушевски, објасни дека на 25-та седница, која се одржа на 17.07.2017 година, поради користење на годишен одмор, беа отсутни г-ѓа Машовиќ и г-дин Фиданоски, додека останатите колеги се присутни. Отвори дискусија по записникот.

Советот, со 4 гласа „за“ и 2 воздржани гласа од г-ѓа Машовиќ и г-дин Фиданоски, го усвои предложениот записник од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.07.2017 година, со текст како што беше предложен.

Бр. 02-3233/5
04.08 2017 година
С к о п ј е

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ